# НЕВИДЛИВИ УБИСТВА

Фемицидите во Република Северна Македонија

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност

# НЕВИДЛИВИ УБИСТВА
# -Фемицидите во Северна Македонија-

***Истражувачка:*** Бојана Јовановска
***Издавач:*** Сојуз - Национален совет за родова рамноправност (НСРР)
***Година на издавање:*** 2022

# Содржина

Вовед........................................................................ 4

Методологија............................................................. 6

Анализа на податоци................................................. 7

Интервјуа со релевантни чинители..........................................................17

Студии на случај..........................................................25

Заклучоци и препораки........................................... 29

Библиографија..............................................................32

# Вовед

Јавната дискусија за фемицидите на глобално ниво се одвива веќе неколку декади. И покрај тоа што фемицидите како феномен се присутни без исклучок на сите континенти и засегаат половина од светската популација, сепак сѐ уште не го добиваат соодветниот третман од страна на центрите на моќ. Фактот што сѐ уште не постои универзално прифатена дефиниција за фемицидите која ќе биде основа за понатамошно прибирање на податоци за оваа појава и утврдување на размерите во кои е распространета, како на локално, така и на глобално ниво, говори за недоволната волја за нејзино превенирање преку креирање на соодветни закони и политики.

Граѓанските организации во Северна Македонија, кои се пионери во борбата против насилството врз жените во земјава, се и најгласните застапници за промени на законската регулатива во областа на родово базираното насилство, а особено нејзината имплементација. Имајќи предвид дека родово базираното насилство е широко распространет феномен во нашето општество, кое се перцепира како нормална појава, постои сериозен проблем во однос на негово пријавување од страна на жртвите, од една страна, како и неговото соодветно адресирање од страна на надлежните институции, од друга. Оттука, и фемицидите, како најтежок облик на родово базирано насилство, претставуваат сериозна закана за жените во земјава, особено имајќи предвид дека фемицидот е најчесто последен чин во континуумот на насилство.

Фемицидот претставува убиство на жена затоа што е жена и е најекстремната манифестација на насилство врз жените, која најчесто е резултат на континуирана изложеност на насилство, притоа сторителите се најчесто интимни партнери, членови на семејството или други лица познати на жртвата.[1] И покрај тоа што еден од најважните сегменти за креирање на соодветни мерки и политики за заштита и превенција е достапноста на податоците за дефинирање и разбирање на фемицидите, во Северна Македонија не постојат статистички податоци за бројот на фемициди, односно воопшто не постои систем на регистрирање на фемицидите како облик на родово базирано насилство, но податоците со кои располагаат релевантните институции се тешко (некогаш воопшто) достапни. Оттука, единствени извори на неофицијални податоци за фемицидите во земјава се граѓанските организации кои работат во оваа област и известувањата од страна на медиумите во врска со случаите. Единствена неофицијална статистика за фемицидите во Северна Македонија со која располагаме во моментов е преку податоците на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ која, преку прибирање и вкрстување на податоци од различни институции, организации и медиумски објави, спроведе анализа на случаите на фемициди во земјава во периодот од 2008 до 2020 година.[2] Притоа, токму еден од заклучоците на Мрежата беше потребата од спроведување на анализи за фемициди во Северна Македонија како првиот чекор за

1 Filip, A. (2017). WAVE Thematic Paper. Preventing and Eradicating Femicide. WAVE. Достапно на: http://fileserver.wave-network.org/researchreports/Thematic_Paper_Femicide_15Febr2017.pdf

2 Анализата на случаите на фемициди на Националната мрежа „Глас против насилство“ е издадена во два дела кои покриваат два соодветни периоди, од 2008 до 2016 година и од 2017 до 2020 година.

актуелизирање на прашањето за родово базираните убиства преку иницирање на дискусија помеѓу релевантните чинители и носители на одлуки кои ќе го отворат процесот на усогласување на националното законодавство со препораките од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) и Конвенцијата на Организацијата на Обединети Нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.[3]

Македонското законодавство не го препознава фемицидот како посебно кривично дело во Кривичниот закон и истото се регистрира како и секое друго убиство, притоа семејното насилство кое му претходело на убиството (иако не секогаш) се зема како отежнувачка околност во судските постапки. Во моментот на пишување на оваа анализа во тек се измените на Кривичниот закон во насока на негово усогласување со Истанбулската конвенција и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, кој беше донесен во 2021 година.

Оваа анализа е изработена во рамки на проектот Визија, Мисија и Стратегија на Националниот совет за родова рамноправност 2022 кој го спроведува Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) со финансиска поддршка од Делегацијата на Европската Унија на Северна Македонија. Една од целите на проектот е да придонесе за намалување на родово базираното и семејното насилство, како и за зголемување на заштитата на жртвите на насилство и превенцијата од нивно преминување во жртви на фемицид.

Анализата започнува со претставување на методологијата врз основа на која беа прибирани податоците, како и посебните инструменти кои беа употребени во процесот на истражување. Потоа следи анализа на прибраните податоци од истражувањето, според примената на соодветниот истражувачки инструмент. Преку анализа на досегашните истражувања и извештаи во оваа област се дава осврт на самата феноменологија и дефинирање на фемицидот како најтежок облик на родово базирано насилство, со посебен фокус на локалниот контекст. Воедно, анализата на податоци дава увид во националната и меѓународната регулатива во оваа област, со намера да ги идентификува недостатоците во однос на правното регулирање, но и праксата на постапување во случаите на родово базирано и семејно насилство, која може да биде причина за фемицид. Во делот на интервјуа со релевантните чинители, анализирани се одговорите од различни експерти со значајно искуство во областа, преку кои се дискутираат можните решенија за превенција на фемицидите, како и нивно правно регулирање во согласност со локалниот контекст. Потоа, преку студии на случаи, претставени се два случаи во кои е анализирано непостапувањето и/или несоодветното постапување на релевантните институции во случаи на родово базирано и семејно насилство, кое резултирало во фемицид, односно придонесува за нивно зголемување. По анализата на добиените податоци во рамки на ова истражување, на крајот се сублимирани соодветни заклучоци и препораки во насока на зголемување на заштитата на жртвите и превенција од фемициди во рамки на македонскиот контекст.

3Димушевска, Е. (2018). Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ и УНДП. Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf

# Методологија

За целите на изработка на оваа анализа беше подготвена методологија која се состоеше од квалитатитивна анализа на примарни и секундарни податоци. Притоа податоците за анализа беа прибирани преку примена на неколку истражувачки инструменти:

-Анализа на содржина (деск анализа) – која опфати анализа на постоечки истражувања, анализи, извештаи и останати публикации во областа на родово базирано и семејно насилство, со фокус на фемицидите, како и на меѓународната и национална легислатива и политиките поврзани со регулирање на фемицидите. Од особено значење за оваа анлиза беа извештаите во врска со родово базираното насилство и фемицидите кои ги објавуваат граѓанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика во земјава, имајќи предвид дека токму тие се најзначаен извор за овие податоци во Северна Македонија.

-Интервјуа со релевантни чинители – за целите на изработка на оваа анализа беше изработен прашалник наменет за релевантни чинители со кој беа опфатени претставници на граѓански здруженија, државни институции, адвокатки, и други експерти/ки кои работат во областа на родово базирано и семејно насилство во Северна Македонија. Прашалникот беше спроведен комбинирано, односно во писмена и усна форма, во согласност со преференците на конкретниот чинител/ка. Притоа, вкупно 13 чинители го одговорија прашалникот, од кои 4 претставници на јавни институции (Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Основно јавно обвинителство Скопје и Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје), 1 професорка, 3 претставнички на граѓански здруженија (Сојуз - Национален совет за родова рамноправност, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство" и Хелсиншки комитет за човекови права) 3 независни експертки во областа на родово базирано и семејно насилство, 2 адвокатки кои работат во областа. Одговорите на дел од интервјуираните чинители се претставени анинимно, односно само преку институцијата која ја претставуваат. Преку спроведување на прашалникот беа обезбедени податоци во однос на генералната слика со родово базираното насилство во земјава, со фокус на фемицидите, како и за идентификување на одредени правни празнини, бариери и предизвици со кои се соочуваат, но и за можните начини за подобрување на легислативата и политиките во областа, а со тоа и праксата на постапување во случаите на насилство.

-Студии на случај – во рамки на анализата беа разработени две студии на случаи на фемициди во Северна Македонија. По извршеното мапирање на потенцијални случаи на фемициди во земјава кои би можеле да бидат дел од оваа анализа, беа идентификувани два случаи преку кои се прикажани два различни аспекти на институционално постапување и непостапување и последиците од таквата пракса. Податоците за случаите беа прибирани преку адвокати кои работеле на застапување на случаите, податоци од граѓанските организации и анализа на медиумски објави.

# Анализа на податоци

**Анализа на содржина**

Фемицидот претставува убиство на жена затоа што е жена и е најекстремната манифестација на насилство врз жените, кое најчесто е резултат на континуирана изложеност на насилство, притоа сторителите се најчесто интимни партнери, членови на семејството или други лица познати на жртвата.[4]

Се смета дека терминот фемицид во политички контекст е првпат јавно употребен од страна на феминистката и активистка Дајана Расел на Меѓународниот трибунал за кривични дела спрема жените кој се одржал во Брисел во 1976 година, со цел да го насочи вниманието на системската дискриминација и насилство врз жените. Во 1992 година во книгата Фемицид: Политиката на убиство на жени[5], Расел заедно со Џил Редфорд го дефинираат фемицидот како *мизогино убивање на жени од страна на мажи, додека неколку години подоцна ја користи дефиницијата убивање на една или повеќе жени од страна на еден или повеќе мажи заради тоа што се жени.*[6]

Во контекст на креирање на политики и закони, како и во истражувачката пракса, најчесто се користи потесна дефиниција на фемицидите, како намерно убиство на жени затоа што се жени, каде во најголем дел од случаите сторители се мажи, сегашни или поранешни партнери и кои вклучуваат тековно насилство, закани или економска зависност.[7]

Европскиот институт за родова еднаквостго дефинира фемицидот како убиство на жена од страна на интимен партнер и смрт на жена како резултат на пракса која е штетна за жените, притоа под интимен партнер се подразбира поранешен или сегашен сопруг или партнер, без разлика на тоа дали со сторителот делеле или сè уште делат заеднички дом. [8]

Од особена улога во прифаќањето на употребата на терминот фемицид има феминистичкото движење во деведесетите години во земјите од Јужна и Средна Америка, односно мобилизирањето на феминистичките организации во борбата против фемицидите како општествена неправда кон жените. Популаризацијата на фемицидите на оваа територија е тесно поврзана со градот Сиудад Хуарез во Мексико, кој го привлече вниманието на меѓународната заедница поради многубројните убиства на жени и девојчиња, како и поради непостапувањето на надлежните институции во насока на превенција и санкционирање на насилството. Оттука, и самиот термин феминицид, развиен од страна на мексиканската истражувачка и феминистка Марсела Лагард, кој се користи на овие простори, меѓу другото ја вклучува и нереспонзивноста на државата во однос на убиствата на жени.

4 Filip, A. (2017). WAVE Thematic Paper. Preventing and Eradicating Femicide. WAVE. Достапно на: http://fileserver.wave-network.org/researchreports/Thematic_Paper_Femicide_15Febr2017.pdf
5 Radford, J. and Russel, D. (Eds.) (1992). Femicide: The Politics of Woman Killing. Twayne Publishers.
6 Russel, D. (2012). Defining femicide. Introduction speech presented to the United Nations Symposium on Femicide. Достапно на: https://www.femicideincanada.ca/sites/default/files/2017-12/RUSSELL%20%282012%29%20DEFINING%20FEMICIDE.pdf
7 WHO. (2012). Understanding and addressing violence against women. Достапно на: https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/77421/WHO_RHR_12.38_eng.pdf
8 EIGE. (2021). EIGE’s indicators on intimate partner violence, rape and femicide: EU state of play. Достапно на: https://eige.europa.eu/publications/eiges-indicators-intimate-partner-violence-rape-and-femicide-eu-state-play

Во својата суштина фемицидот претставува дело од омраза чиј мотив е поврзан со самиот род на жртвата. Притоа, дефинирањето на фемицидот сè уште не е унифицирано и варира во зависност од општествениот и културен контекст на одредена територија. Оттука, од особено значење е идентификувањето на потеклото на оваа форма на насилство врз жените, чиешто перпетуирање е директно поврзано со системот на вредности во едно општество. Корените на фемицидот можеме да ги лоцираме во патријархалната култура во која се втемелени традиционалните родови улоги кои почиваат на инфериорната положба на жената во општеството. [9]

Фемицидите можат да се јават како резултат на различни видови традиционални сфаќања и пракси, кои и денес се широко распространети низ целиот свет. Така на пример, во некои општества сè уште одредени убиства на жени се сметаат за оправдани, како убиството на жена заради изневерување на партнерот, чие оправдување е таканаречената состојба на морбидна љубомора во која е доведен сторителот за извршување на делото. Хиндуистичката пракса на жртвување на вдовиците чиј сопруг починал, наречена сати, и покрај тоа што беше забранета уште во 1829 година, сепак сè уште има случаи на нејзино практикување.

Позицијата на жената во семејството во многу општества е во тесна корелација со економската состојба на семејството. Абортирањето на женски бебиња веднаш по утврдување на полот (полово селективен фетицид), како и убивањето на новородени женски бебиња и девојчиња (женски инфантицид), произлегува од сфаќањето дека женското дете има помала вредност од машкото и е значителен економски товар за семејството. Фемицидот може да биде резултат и на прегладнување, особено на девојчињата. На глобално ниво жените се во многу поголем ризик од глад и неухранетост и во многу општества, мажите и момчињата сè уште имаат предност кога се служи храна, а во ситуации на недостиг на храна, жените и девојчињата се првите од чиј оброк започнува да се крати и покрај тоа што тие го вложуваат својот труд во одржување на домаќинствата. [10]

Дискриминацијата на жените е сè уште длабоко вкоренета во сите сфери на животот, пред сè како резултат на силните родови стереотипи и патријархална култура која до одреден степен ја легитимизира родовата дискриминација, но и претставува главен причинител на насилство врз жените.

9 Јовановска, Б. (2022). Кога непостапувањето е убиство. Рес публика. Достапно на: https://respublica.edu.mk/
10 Јовановска, Б. (2019). Трчаш како девојче: Дисциплина на гладот. Достапно на: https://meduza.mk/fem-101/trchash-kako-devo%D1%98che-distsiplina-na-gladot/

Културните норми и ставови придонесуваат за родова нееднаквост и насилство врз жените, односно создаваат средина во која се толерира насилството врз жените. [11]. Меѓутоа, она што е карактеристично за некои општества, меѓу кои и македонското, е постоењето и негувањето на култура на насилство, во чии рамки различни видови на насилство се општоприфатени како вообичаени и нормални, па оттука и степенот на толеранција е многу повисок. Насилството сè уште се третира како дисциплинска алатка, која се користи за контрола на нечие однесување, во овој случај на жената, во согласност со нејзината улога во општеството. Една од највидливите форми на перпетуирање на културата на насилство, особено врз жените, е преку македонското фолклорно творештво, па така, народните песни не само што ја нормализираат женската послушност кон машките членови на семејството, туку и многу често ги романтизираат различните форми на насилство врз жените. [12]

Меѓутоа, она што е дополнително загрижувачки е што овие традиционални сфаќања преку кои се нормализира и толерира насилството се транспонираат и во постапувањето на надлежните институции, кои пак од друга страна не поседуваат соодветни стратегии за адресирање на овој вид на насилство. Оттука произлегува и една од суштинските разлики помеѓу фемицидот и другите видови на убиства, односно во тоа што фемицидот не би можел да биде ефикасно спречен доколку се применат општите стратегии кои важат за превенција на убиства. [13]

Според последното истражување на Канцеларијата за дроги и криминал на Обединетите Нации (UNODC), се проценува дека во 2020 година на светско ниво 47,000 жени и девојчиња биле убиени од страна на нивните интимни партнери или други членови на семејството, што значи дека во просек на секои 11 минути една жена или девојче е убиено во нејзиното семејство,[14]   што само ни потврдува дека домот е најнебезбедното место за жените. И покрај тоа што најголем дел од сите убиства се извршени врз мажи или момчиња, најголем дел од жртвите на убиства извршени од страна на интимен партнер или роднина, односно блиски лица на кои им, веруваат се жени, притоа овие убиства се најчесто кулминација на претходно искуство на друга форма на родово базирано насилство, како психолошко, сексуално или физичко насилство. [15]

Се проценува дека во 6 од 10 случаи на убиства извршени од страна на интимни партнери или членови на семејството, жртвите се жени.[16] Меѓутоа и покрај размерите на проблемот, како и неговата сè поголема актуелизацијата, сепак позначаен фокус фемицидите добиваат во последните десетина години. Во 1979 година беше донесена Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, која се смета за прв меѓународен документ кој експлицитно ја адресира заштитата на човековите права на жените, а во чии рамки се воспоставува и признавањето и правното регулирање на концептот на насилство врз жените како форма на дискриминација и повреда на човековите права. Иако во Конвенцијата не постои специфичен член кој се однесува на елиминација на насилството врз жените, со усвојувањето на Општата препорака број 19 во 1992 година, Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените го поставува родово базираното насилство како форма на родова дискриминација и го поврзува остварувањето на родовата еднаквост со искоренување на насилството врз жените. [17]

11 Konstantinović Vilić, S. and Petrušić, N. (2021). Pokusaj femicida I femicid u Srbiji: sprecavanje i procesurianje. Udruženje građanki FemPlatz. Достапно на http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

12 Јовановска, Б. (2022). Кога непостапувањето е убиство. Рес публика. Достапно на: https://respublica.edu.mk/

13 Konstantinović Vilić, S. and Petrušić, N. (2021). Pokusaj femicida I femicid u Srbiji: sprecavanje i procesurianje. Udruženje građanki FemPlatz. Достапно на http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

14 UNODC. (2021). Killings of women and girls by their intimate partner or other family members – Global estimates 2020. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/crime/UN_BriefFem_251121.pdf

15 UNODC. (2019). Global study on homicide: Gender-related killing of women and girls. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/gsh/Booklet_5.pdf

16 UNODC. (2021). Killings of women and girls by their intimate partner or other family members – Global estimates 2020. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/crime/UN_BriefFem_251121.pdf

17 Хелсиншки комитет за човекови права Скопје. (2022). Документ за јавни политики - Кој (не) може да пријави насилство? Достапно на: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/koj-nemozhe-da-prijavi-nasilstvo-dokument-za-javni-politiki/

Во 2017 година, со Општата препорака број 35, Комитетот нотира дека анализата на податоци треба да овозможи идентификација на неуспесите во заштитата, кои служат за подобрување и понатамошно развивање превентивни мерки, што треба, доколку е потребно, да вклучи и основање на опсерватории за собирање на административни податоци за родово базирани убиства на жени, наречени фемициди или феминициди и обиди за убиства на жени.[18]
Првиот Симпозиум за фемициди е одржан на Меѓународниот ден за борба против насилство врз жените во 2012 година во Виена, каде е потпишана Виенската декларација за фемициди [19] во која земјите членки ја искажуваат загриженоста за порастот на фемицидите, но и нивното несанкционирање, што придонесува за интензивирање на субординираната положба на жените и девојчињата, со што се испраќа негативна порака до општеството дека насилството врз жените е прифатливо и неизбежно. Декларацијата го препознава фемицидот како убиство на жени и девојчиња заради нивниот род, кои можат да јават во различни форми (на пример, убиства во име на честа, убиства поради мираз, женски инфантицид и полово селективен фетицид, итн.). Декларацијата ги повикува државите членки да дизајнираат, имплементираат и оценат сеопфатни стратегии и програми насочени кон отстранување на пречките што ги спречуваат жените и девојчињата да ги уживаат нивните целосни права, вклучително програми за јавно образование и интервенции насочени кон зајакнување на жените и девојките, како и сензибилизирање на мажите и момчињата, со цел да се промени начинот на размислување на општеството, како и да се спроведе истражување за улогата на родово заснованите причини за фемицид.

Препознавајќи ги алармантноста и пропорциите на проблемот со родово базираните убиства на глобално ниво, Генералното собрание на ООН во 2013 година ја усвои резолуцијата A/RES/68/191 за преземање дејства против родово базирани убиства на жени и девојчиња, [20] потсетувајќи на обврската на земјите членки за промоција и заштита на основните човекови права на жените и девојчињата. Преку Резолуцијата, ООН ги повикува земјите членки на усвојување на мерки и законска регулатива за заштита од родово базирани убиства и нивно соодветно спроведување, како и за постапување со должно внимание од страна на институциите во случаите на насилство, воедно нагласувајќи ја потребата за подобрување на превенцијата и правната заштита на жртвите, како и зајакнување на кривично-правниот одговор на родово базираните убиства на жени и девојчиња. Во 2015 година усвоена е Резолуцијата A/RES/70/17619 за преземање акција за спречување на родово базираните убиства на жени и девојчиња, со која се охрабруваат земјите да промовираат интегрирани и сеопфатни стратегии за превенција на сите форми на насилство врз жени и девојчиња, вклучително и родово базираните убиства. Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, позната како Истанбулска конвенција, беше донесена во 2011 година и претставува еден од клучните меѓународни документи за борба против насилството.

18 CEDAW. (2017). General recommendation No. 35 on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19. Достапно на: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N17/231/54/PDF/N1723154.pdf?OpenElement
19 UN. (2012). Vienna Declaration on Femicide. Vienna Symposium on Femicide.
20 UN General Assembly. (2013) Resolution A/RES/68/191. Taking action against gender-related killing of women and girls.

Конвенцијата претставува прв правно-обврзувачки документ во Европа во областа на родово базираното насилство, кој ги задолжува државите потписнички да пристапат кон промена на закони, креирање на мерки и политики, како и алоцирање на соодветни ресурси за спречување и борба со родово базираното и семејно насилство. Една од целите на Конвенцијата е и да ја подигне јавната свест за потребата од прибирање на податоци за фемицидите во европските земји. И покрај тоа што самата Конвенција не содржи конкретна дефиниција за фемицидот, сепак членот 11 кој ги задолжува државите потписнички да прибираат податоци за сите форми на родово базирано насилство. Воедно, во членот 46, Конвенцијата ги наведува отежнителните околности кои можат да доведат до фемицид. Еден од најважните елементи за креирање на законски решенија и политики кои ќе обезбедат соодветна заштита и превенција е токму достапноста на податоците за дефинирање и разбирање на фемицидот. И Резолуцијата A/RES/68/191 на Организацијата на Обединетите Нации (ООН) [21] јасно укажува на потребата од прибирање на соодветни податоци и водење статистика за случаите на родово базирани убиства, со цел да се обезбедат податоци потребни за креирање и мониторирање на закони и политики кои ја регулираат оваа појава, како и да овозможи компаративна анализа на овој феномен.

Непостоењето на унифицирана дефиниција на овој вид на убиства оневозможува да се истражат размерите на распространетост на овој феномен, што неминовно се рефлектира и на креирањето на соодветни мерки и политики за негово адресирање, како на национално, така и на глобално ниво. Усвојувањето на јасна дефиниција за фемицидот е потребна за спроведување на соодветна истрага и гонење за овој вид на кривични дела.[22] Како резултат на разликите во дефинирањето на фемицидите, како и разликите во приоритизирање на овој проблем од страна на различни држави, постојат и различни начини на нивно законско регулирање.

Кога станува збор за законска регулатива во полето на фемицидите, би можело да се каже дека пионерската улога ја имаат земјите од Централна и Јужна Америка, како резултат на преваленцата на овој феномен токму на оваа територија, во кои фемицидот е пропишан како посебно кривично дело. Во многу држави се пропишани отежнителни околности кои се релевантни за сите кривични дела, вклучително и за убиството, додека во мал број на држави отежнителните околности се пропишани така што се однесуваат специфично на жените, како на пример, последица на насилство врз жена, а во најголем дел отежнителните околности се родово неутрални.[23]

Што се однесува на европското тло, во ниту една од земјите членки на Европската Унија не постои посебна дефиниција за фемицид. Како појдовна точка се користи основната дефиниција за убиство, земајќи ги предвид елементите што секоја од земјите ги користи за поспецифично дефинирање на родово базираното убиство на жени, најчесто како отежнителни околности при квалификување на делото. [24]

21 Ibid
22 Manjoo, R. (2012). Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences. UN
General Assembly. Достапно на:
https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/HRBodies/HRCouncil/RegularSession/Session20/A-HRC-20-16-Add4_en.pdf.
23 Beker, K. Femicid kao posebno krivično delo.
24 Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“. (2021)
Анализа на случаи на фемициди 2017-2020 година. УНДП. Достапно на:
https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf

За време на изработка на оваа анализа Владата на Белгија донесе нацрт закон во кој се прави разлика помеѓу различни форми на фемицид, како интимен, неинтимен, индиректен фемицид и родово базирано убиство, и кој дефинира различни форми на насилство кои може да му претходат на овој вид на криминал, како сексуално или психолошко насилство. [25]

Со цел да обезбеди подобра заштита на жртвите на насилство од фемицид, новиот закон предвидува градење на капацитетите за проценка на ризик на сите инволвирани институции, како и систематизирано прибирање на статистика поврзана со случаите на фемицид.

Потребата од обезбедување на соодветен одговор и заштита на жртвите, особено во насока на превенција од фемицид, беше доведена во фокусот на државата токму од страна на граѓанските здруженија, имајќи предвид дека само во 2022 година бројот на фемициди во Белгија изнесувал најмалку 19 жртви, бројка која во 2017 година била повеќе од двојна, односно 43 жртви. [26]  Меѓутоа, на носењето на овој закон непосредно претходеше неодамнешниот фемицид на дваесет и тригодишната девојка од Шпанија која беше избодена со нож од страна на својот поранешен партнер во Брисел. Доколку биде усвоен предлог законот, Белгија ќе биде првата Европска земја која ќе има експлицитен закон кој го регулира фемицидот, со надеж дека како позитивна пракса ќе се прелее и во останатите европски земји.

Значаен дел од феминистичката заедница укажува на придобивките од пропишување на фемицидот како посебно кривично дело, не само во однос на тоа што би се овозможило соодветна правна квалификација на делото, што пак би придонело за намалување на правната несигурност, како и на можните грешки при квалификација на кривичното дело и казнување на сторителите, туку би овозможило и статистичко евидентирање на фемицидите и други показатели. [27]

25 Gayet, A. (2022). Belgium to legislate against femicide. EURACTIV. Достапно на: https://www.euractiv.com/section/all/short_news/belgium-to-legislate-against-femicide/?fbclid=IwAR1t3xs8fAeA-x_vFgdjTn7kRb1FEDZc1aJ2X4eFddsAF3wJChnw2vozZVk
27 Beker, K. Femicid kao posebno krivično delo.
28 ОБСЕ. (2019). Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија:
Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на:
https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf

### ***Фемицидите во Северна Македонија***

Во Северна Македонија насилството врз жените се смета за прилично распространет феномен, имајќи предвид дека 60% од жените сметаат дека истото е вообичаена појава, додека 48% сметаат дека насилството е приватна работа. [28] Токму таа нормализација на насилството и негово поистоветување со секојдневието придонесува за значително ниската стапка на негово пријавување. Па така, само 2% од жените кои доживеале насилство, го пријавиле во полиција тоа што го сметале за најсериозен инцидент. [29] Дополнителен проблем во однос на пријавувањето е што речиси 80% од жените во Северна Македонија не знаат каде би можеле да побараат помош доколку се соочат со семејно насилство. [30] Еден од заедничките заклучоци на речиси сите досегашни истражувања во областа е високиот степен на недоверба во институциите, што произлегува недоволната сензибилизираност на службените лица кои постапуваат во овие случаи, нивното несоодветно постапување или непостапување во случаите на родово базирано и семејно насилство, недоволна ефикасност при водење на постапките, но и незадоволство од исходите на постапките, како и несоодветното санкционирање на сторителите на насилство.

Кога станува збор за фемицидите, во Северна Македонија не постојат статистички податоци за бројот на фемициди, имајќи предвид дека воопшто не постои систем на регистрирање на фемициди. Дополнително, податоците со кои располагаат релевантните институции се тешко (некогаш воопшто) достапни. Единствени извори на неофицијални податоци за фемицидите во земјава се граѓанските организации кои работат во оваа област и известувањата од страна на медиумите во врска со случаите. Оттука, единствена неофицијална статистика за фемицидите во Северна Македонија со која располагаме во моментов е преку податоците на Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ која „пешки“ спроведе анализа на случаите на фемициди во земјава во периодот, преку прибирање и вкрстување на податоци од различни институции, организации и медиумски објави. Токму еден од заклучоците на Мрежата е потребата од спроведување на анализи за фемициди во Северна Македонија како првиот чекор за актуелизирање на прашањето за родово базираните убиства преку иницирање на дискусија помеѓу релевантните чинители и носители на одлуки кои ќе го отворат процесот на усогласување на националното законодавство со препораките од Истанбулска конвенција и Конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. [31]
Според податоците од анализите на Мрежата, во периодот од 2001 до август 2016 година регистрирани се 32 фемициди, [32] додека од 2017 до 2020 година 22 фемициди. [33] Според последната анализа, кај повеќе од 75% проценти од анализираните случаи на убиства на жени кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со кого жената живеела во заедница, а во повеќе од 80% од случаите, иако претходно постоело насилство, за кое подоцна во постапката сведочеле роднини на жртвата, ниту една од жртвите не го пријавила во надлежните институции. [34]
Податоците од двете анализи воедно потврдуваат и дека жените најчесто се убивани во својот дом.

28 ОБСЕ. (2019). Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија: Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf
29 Ibid.
30 Durinova, P. (2021). Gendered socio-economic impacts of COVID-19 on women. National Democratic Institute
31 Димушевска, Е. (2018). Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ и УНДП. Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf
32 Ibid.
33 Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“. (2021) Анализа на случаи на фемициди 2017-2020 година. УНДП. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf
34 Ibid.
.

Што се однесува на законската регулатива во областа на родово базирано насилство, и покрај тоа што Владата на Република Северна Македонија беше помеѓу првите држави кои ја потпишаа, а потоа и ја ратификуваше Истанбулската конвенција во 2017 година, која стапи на сила во 2018 година, процесот на нејзина имплементација сè уште се соочува со бројни предизвици.

Истата година, по стапување во сила на Конвенцијата, беше донесен Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција 2018-2023 (НАП), со кој беа предвидени сите промени кои треба да се направат за усогласување на законите и политиките со Конвенцијата, Меѓутоа, според извештаите на граѓанските организации кои ја мониторираат имплементацијата на НАП-от, три години по неговото донесување голем дел од активностите не се завршени, а ниту започнати. [35]

Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство [36] беше донесен во јануари 2021 година (кој стапи во сила во мај 2021 година), меѓутоа измените на Кривичниот закон во насока на негово усогласување со Истанбулската конвенција и законот сè уште не се донесени, со што новите форми на насилство предвидени со новиот закон сè уште не се криминализирани. Во оваа насока, и овогодинешниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Северна Македонија повторно ја нагласи потребата Министерството за правда да пристапи кон донесување на измени на Кривичниот закон со цел да обезбеди целосна заштита на жртвите на сите форми на насилство, вклучително и фемицидот. [37] Меѓутоа, она што е евидентно од праксата, особено од страна на граѓанските организации кои работат директно со жртви на насилство, е несоодветната имплементација на законските одредби од страна на надлежните институции во случаите на родово базирано насилство. Токму затоа, една од клучните работи која беше воведена со новиот Закон е принципот на должно внимание, кој ги обврзува институциите да постапуваат со должно внимание на интересите и потребите на жртвата при преземањето мерки за превенција и заштита од сите форми на родово базирано насилство.

Кривичниот закон употребува родово неутрален речник и генерално родовата перспектива воопшто не е земена предвид ниту во дефинирање на кривичните дела. Промените во кривичното законодавството, во насока на усогласување со Истанбулската конвенција, претпоставуваат целосна промена на концептот на дефинирање на кривичните дела, како и промени во однос на собирањето на податоци, имајќи предвид дека собирањето на податоците од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР) и судските органи е според член од Кривичен закон, а не според став (семејното насилство како квалификаторен елемент на неколку кривични дела секогаш се споменува во втор став, што оневозможува собирање на податоци). [38]

[35 Види повеќе на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/NAP-finalen.pdf и https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/Izveshtaj-za-sproveduvanje-na-Istanbulskata-konvencija.pdf
36 Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Службен весник на РСМ бр.
24/2021.
37 European Commission. (2022). North Macedonia 2022 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
38 Ристеска, М. и Цеков, А. (2019). Анализа на потребите од усогласување на Кривичниот законик со
Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија. Центар за истражување и креирање
политики и Македонско женско лоби.

Кривичниот закон го криминализира само силувањето каде што клучниот елемент е примената на телесна сила, а не отсуството на волја и согласност за сексуален однос, што не е во согласност со Конвенцијата. Дополнително, со непрепознавањето на психичкото насилство како кривичното дело, заштитата на жртвите на насилство се сведува само на нивниот телесен интегритет. Фемицидот е најчесто последниот чин во континуумот на насилство.[39] Со оглед на фактот што праксата покажува дека на физичкото насилство секогаш му претходи психичкото насилство, со јасно дефинирање на делото и негова криминализација ќе се влијае на намалување на трендот на физичко насилство и конечно на фемициди во земјата.[40] Што се однесува на фемицидот, тој не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот закон и се третира како секое друго убиство, притоа семејното насилство се зема како отежнителна околност и се предвидува потешка казна за сторителот.

Меѓутоа, и покрај тоа што промените на Кривичниот закон се веќе долго време заглавени во процесот на донесување, она што треба да се земе предвид е дека одредбите од Истанбулската конвенција во меѓувреме може да бидат користени во судската пракса, со исклучок на членовите на кои државата ставила резерва. [41]
Во 2021 година беше донесена новата Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 како основен стратешки документ на Република Северна Македонија, со кој се воспоставува сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените, каде една од стратешките цели е и спречување и борба против родово базираното насилство. [42] За исполнување на оваа цел, Стратегијата предвидува усогласување на законската регулатива со стандардите воспоставени со Истанбулската конвенција, преку вклучување на сите облици на родово базирано насилство, вклучително и промените на Кривичниот закон. Стратегијата предвидува и воспоставување на систем за систематско собирање податоци, со цел на обезбедување на родово разделени податоци за сите форми на родово базирано насилство, како и унапредување на институционалниот одговор за превенција и заштита од родово базирано насилство, особено на полицијата и правосудството. Меѓутоа, и покрај заложбите на државата за адресирање на проблемот на родово базираното насилство, пред се преку носење на различни стратешки документи и закони, сведоци сме дека најголем дел од тие заложби остануваат само на хартија, а проблемот на насилството сè уште е далеку од приоритет на државата.

Дополнително, казнената политика во областа на родово базирано и семејно насилство, која е од особена важност за превенција на фемицидите, е значаен инхибирачки фактор кај жртвите на семејното насилство во поглед на пријавувањето на овие кривични дела до надлежните органи. [43] Па така, анализата на досегашното постапување на судовите за најлесните кривични дела од областа на семејното насилство укажува дека тие применуваат генерално ниска казнена политика, која дополнително влијае на зголемување на недовербата во институциите.

39 Beker, K. Femicid kao posebno krivično delo.
40 Ристеска, М. и Цеков, А. (2019). Анализа на потребите од усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија. Центар за истражување и креирање политики и Македонско женско лоби.
41 Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“. (2021). Анализа на случаи на фемициди 2017-2020 година. УНДП. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf
42 Стратегија за родова еднаквост 2022-2027. Службен весник на РСМ бр. 170/2022.
43 Мисоски, Б., Аврамовски, Д. и Петровска, Н. (2019). Анализа на податоците од набљудуваните судските постапки за предмети од семејно насилство во 2019 година. Коалиција Сите за правично судење. Достапно на: https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/19444/1/443515.pdf

За неприоритизирањето на родово базираното насилство од страна на државата говорат и негативните последици кои произлегоа како резултат на пандемијата на вирусот Ковид-19. На потенцијалните негативни ефекти, уште на самиот почеток на пандемијата, предупредија граѓанските здруженија кои работат на превенција и заштита од родово базирано и семејно насилство, кои нотирале поголем број на жени кои се обратиле во нивната организација со потреба од заштита од физичко или психолошко насилство.[44] Пандемијата, со воведувањето на полициски час и забраните за движење, не само што ги затвори жртвите во домовите со насилните партнер, туку и предизвика ескалација на насилството, особено во случаи каде истото претходно се одвивало. Дополнително, мерките и препораките кои беа донесени од страна на Владата за заштита и справување со ризиците од пандемијата, целосно ги игнорираа потребите на различни ранливи групи на граѓани, меѓу кои и жртвите на родово базирано и семејно насилство. Освен известувањето на Министерството за труд и социјална политиката упатено до жртвите на родово базирано и семејно насилство, каде што се наведуваат броеви за пријавување насилство, како и исклучокот за движење на жртви кои сакаат да пријават насилство за време на полициски час, ниту една итна мерка не е воведена ниту предложена за оваа особено ранлива категорија на лица. [45] Па така, само два месеца по прогласувањето на вонредната состојба во Северна Македонија, во период од две недели беа регистрирани два случаи на фемицид, на кои веднаш реагираа граѓанските здруженија кои работат во оваа област.

Значајно да се напомене е и улогата на медиумите и нивното претставување на случаите на фемициди, кои и покрај позитивните чекори со текот на годините, сè уште во голема мера применуваат несоодветен пристап во известувањето за овие случаи. Преку сензационализирање на фемицидите, притоа најчесто некористејќи соодветна терминологија за овој вид на убиства, медиумите демонстрираат несензибилизираност во однос на жртвите и придонесуваат само за зајакнување на родовите стереотипи, додека пак со инсистирањето на земање директни изјави од жртви на насилство, дополнително ги виктимизираат жртвите. [46] Анализите на медиумските објави за фемициди укажуваат на недостатокот од осврт на убиството како форма на родово базирано насилство и неговата комплексност како општествен проблем, како и информации за постапувањето на институциите. [47] Медиумите може да имаат особено значајна улога, како за актуелизирање на проблемот на насилството, вклучително и фемицидите, но уште повеќе за елиминирање на родовите стереотипи и родовата нееднаквост и подигнување на јавната свест за сите форми на насилство. Оттука, новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство ги вклучува и медиумите, истакнувајќи ја нивната превентивна улога, со цел спречување и заштита од сите форми на родово базирано насилство.

[44 Durinova, P. (2021). Gendered socio-economic impacts of COVID-19 on women. National Democratic Institute.
45 Центар за истражување и креирање политики. (2020). Ковид 19 и родот (второ издание). Достапно на:
http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/2.0-Covid-19
46 Насева, Г. (2021). Родово базирано насилство: Кривично дело кое останува толерирано. ФООМ и
Коалиција Сите за правично судење. Достапно на: https://fosm.mk/rodovo-bazirano-nasilstvo-krivichno-delo-
koe-ostanuva-tolerirano/
47 Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“. (2021).
Анализа на случаи на фемициди 2017-2020 година. УНДП. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-
content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf

## *Интервјуа со релевантни чинители*

Главните причините за појава и опстојување на родово базираното и семејно насилство, воедно и причини за појава на фемициди во земјава, интервјуираните чинители ги лоцираат на повеќе нивоа. Притоа, најголем дел од интервјуираните укажуваат на длабоко вкоренетиот патријархален систем и родови улоги кои се засновани на традиционални и религиски вредности и родови стереотипи. Експертката за родово базирано насилство, Наде Качакова, смета *дека причините за појава на фемицидите во земјава се длабоко вкоренети во историското перпетуирање на родовите улоги за поведението на жените и допуштањето таквото поведение да се контролира и по цена на живот на жената.*

Вака поставеното родово нееднакво општество, кое континуирано врши структурна дискриминација на жените, е основа за појава и опстојување на родово базираното и семејното насилство. Според Билјана Настовска, Советничка за родови прашања, *насилството врз жените произлегува од структурната нееднаквост на половите и доминацијата на мажите врз жените во сите сфери на живеење. Конзервативниот контекст, измешан со религиските и традиционалните вредности ја става жената во подредена состојба.*

Дел од интервјуираните чинители ја препознаваат културата на прифатливост и неказнивост на насилството, во било која форма, како дел од македонскиот општествен контекст, што придонесува за нормализација на насилството врз жените, особено во средини каде е изразена нивната инфериорна општествена улога. Професорката по криминологија, Ангелина Станојоска, причините за опстојување на насилството врз жените ги поврзува со длабоко вкоренетите родови улоги и воспитувањето и раснењето на децата во тој општествен контекст, како и интергенерациското пренесување на насилство и перцепцијата на истото како прифатлив начин на реакција при социјалните контакти.

Некои од интервјуираните чинители укажуваат и на економските фактори како особено значајни за опстојување на насилството, па оттука според Јавниот обвинител Александар Маркоски, незавидната економска состојба во која се наоѓаат жените, но и недоволната поддршка од државата, не ги охрабрува да ја напуштат насилната средина.

Според социо-правна истражувачка и феминистка, Д-р Билјана Котевска, причините на општествено ниво се содржат во *длабоко вкоренетиот патријархат и генерално конзервативна средина која во нашиот транзициски контекст и состојба на постојана криза има многу простор и сила за одржување.*

Поголем дел од чинителите ги лоцираат причините на институционално ниво, меѓу кои особено загрижува нивото на непрепознавање на родово базираното насилство од страна на надлежните институции, ниту неговата феноменологија, вклучително и ризик факторите кои може да доведат до последици од размерите на фемицид.

Според Наде Качакова, Експертка за родово базирано насилство, *за македонскиот контекст специфично е отсуството на препознавање на главните причинители кои доведуваат до разни форми на родово базирано насилство, па оттаму и на фемицидите, недоволна свесност за превенција и спречување на насилството, отсуство на казнивост на сторителите како и недостаток на резултати од интервенции од програми за сторители.*

Впрочем, сите интервјуирани чинители се едногласни дека генерално **институционалниот одговор на родово базираното и семејно насилство во земјава** е несоодветен. И покрај напорите за усогласување на законската регулатива со меѓународните стандарди во оваа област, сепак имплементацијата на законите значително назадува.

Несоодветноста најголем дел од нив ја лоцираат во ненавременото постапување во случаите на родово базирано и семејно насилство од страна на релевантните институции во овие случаи, што доведува до негативни последици, како што се фемицидите. Воедно, недоволната и ненавремена превенција и (не)постапување со должно внимание од страна на надлежните институциите придонесуваат за недоверба на жртвите во институциите, кои треба да ги заштитат.

*Ненавремената реакција доведува до недоверба од страна на жртвите кон институциите, што пак резултира во непријавување или во случаи кога жртвите пријавиле, се случува институциите да преземат малку за да ја заштитат жртвата или воопшто да не ја заштитат обидувајќи се да го смират конфликтот со насилникот.*

Според Адвокатката Марта Гусар најважно за институционалната заштита е да е афектна, брза, без да има континуирана виктимизација на жртвата низ целиот процес, бидејќи во спротивно се губи довербата во системот и заштитата.

Дел од интервјуираните укажуваат на потребата од подобрување на меѓуинституционалната соработка, односно воспоставување на функционални мултисекторски тимови. Д-р Билјана Котевска смета дека *не постои координација и нормална комуникација помеѓу луѓе кои работат на ова прашање во различни институции, дури и некогаш и само во една иста институција.* Оттука, според претставничката од Министерството за внатрешни работи*, меѓусекторската соработка не треба да биде сведена на сопствените должности на секоја институција поединечно, туку на сите заеднички, кои би требало да се потрудат да изнајдат инситуционално поволно решение за одредениот случај.*

Покрај несоодветната меѓусебна координација на институциите, некои од практичарите укажуваат на несоодветниот пристап од страна на конкретни институции.

*Најчесто тоа се или полицијата или центрите за социјална работа, кои преку бавната реакција или при нејзино отсуство овозможуваат насилството да продолжи, жртвата да остане во состојба на научена беспомошност и да биде виктимизирана или излезот од насилството да го бара на друг начин. [49]*

Ана Аврамоска Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, укажува на недостатокот на статистички податоци за фемицидите кои, бидејќи не е препознаен како посебно кривично дело во нашиот Кривичен закон, се регистрира како и секое друго убиство, но нема достапни статистички податоци низа бројот на убиства на жени во рамки на судскиот систем. Воедно, таа додава дека *недостасуваат и национални истражувања и анализи спроведени од владини и невладини организации фокусирани на ова прашање во земјата.*

48 Интервју со Ангелина Станојоска, Вонредна професорка по криминологија
49 Интервју со Ангелина Станојоска, Вонредна професорка по криминологија

Според Теа Зографска од Националниот совет за родова рамноправност, еден од најгорливите проблеми со кој тие се соочиле преку нивната работа со жртви на насилство е нефункционалноста на обвинителството и судството и нивното бавно постапување во случаите на родово базирано и семејно насилство.

Меѓутоа, дел од институциите одговорноста за несоодветниот институционален одговор ја лоцираат во останатите институции. Па така, според Матилда Н. Петковиќ од Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, *стручните лица од Центарот постапуваат согласно законот, но при спроведување на стручните дејствија, наидуваат на пропусти во споведување на законот во целост од страна на останатите, пред сè на здраствените установи и локалната самоуправа.* Таа наведува дека еден од предизвиците со кој се соочуваат центрите е истрајноста на жртвите во постапките пред надлежниот суд по поднесен предлог мерки за заштита од страна на Центарот.

Дел од предизвиците во постапувањето кои најчесто се наведуваат од страна на самите претставници на институциите, како полицијата и центрите за социјална работа, се *несоодветните просторни услови, недоволниот број на стручен кадар и слично, како и неспроведувањето на мултисекторскиот пристап во одговор на родово базираното и семејното насилство. [50]*

Имајќи предвид дека институциите ги сочинуваат индивидуални професионалци, некогаш личните ставови и несензитивност за проблемот и неговата родова димензија се рефлектираат во одговорот кој го даваат во случаите на родово базирано и семејно насилство. Токму личните перцепции за родовите улоги, според Наде Качакова, ги превенираат самите професионалци да дејствуваат онака како што налагаат меѓународните стандарди.

*Еден од главните проблеми се личните стереотипи на професионалците кои постапуваат и нивната резистентност да го разберат проблемот од родова перспектива. На пример, полицијата и понатаму го одбива процесирањето на овие дела со пристап адаптиран на потребите на жртвите и семејното насилство го третира како родово нетурален прекршок/кривично дело. [51]*

Правната советничка Ина Џугуманова вели дека еден од предизвиците кој тешко се надминува е немањето на сензибилност кај полициските службеници и недавање приоритет на случаите на родово базирано и семејно насилство, *кои од нивна страна се многу често перцепирани како семејни проблеми и расправии помеѓу партнери кои евентуално ќе се смират.*

*Проблемот на непрепознавање на родово базираното насилство е забележан во сите институции кои имаат обврска да постапуваат во овие случаи.*

50 Интервју со Теа Зографска, Сојуз- Национален совет за родова рамноправност
51 Интервју со Билјана Настовска, Советничка за родови прашања

И покрај тоа што законот, покрај насилство во рамки на брачна или вонбрачна заедница, предвидува и насилство од интимен парнер, сепак дури ни судот во Скопје не го препознава овој вид на насилство, така што зошто би очекувале дека во руралните средини или помали градови низ земјава би се препознавало родово базираното насилство.[52]

Дополнително, како проблем често се јавува и погрешната квалификација на насилството, па така, како што вели Ана Аврамоска Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, *голем број на случаи кои биле пријавени во полициска станица завршуваат како поплаки и не се преземаат понатамошни мерки за процесирање.*

Една од причините за непрепознавање на родово базираното насилство е недоволната обученост на кадрите кои работат на оваа проблематика. Експертката Наде Качакова укажува на *отсуството на правење сеопфатена и континуирана проценка на ризик, недостаток од пристап ориентиран кон жртвата, недостаток од соработка со жртвата која може да обезбеди клучни информации за справување на проблемот со насилство и непримена на начелото на должно внимание.*

Раководителката на Секторот за меѓународна правна соработка при Министерство за правда смета дека е потребно *обучување на субјектите во системот на постапување со родово базирано насилство за применување на новите законски одредби во оваа област.*

*К*ога станува збор за **превенцијата на фемицидите**, чинителите ја доведуваат директно во корелација со превенцијата на семејното насилство, *бидејќи најчестиот фактор за нивна појава е токму насилството во семејството, односно насилството меѓу интимните партнери, па така институциите мораат брзо да реагираат, бидејќи колку подолго трае насилството, толку поголем станува ризикот од виктимизација на жртвите на истото. [53]*

Ставот на Адвокатката Марта Гусар е дека *за да дојде до фемицид, сите институции затаиле при превенцијата од семејно насилство, уште од самиот почеток.* Исто и Ина Џугуманова од Хелсиншкиот комитет за човекови права смета дека заштитата и превенцијата се обврска на државните институции, па оттука *доколку институциите постапуваат со должно внимание и сензитивност, многу голем број на жртви би се охрабриле да пријават доколку знаат дека има кој да ги заштити. Во спротивно, тие одлучуваат да молчат бидејќи доколку пријават, стравуваат дека тоа може да заврши фатално за нив.*

Токму и претставничката од Министерството за внатрешни работи говори за важноста на постапувањето во согласност со принципот на должно внимание во превенирањето на фемицидите, *но и меѓусекторската соработка која не треба да биде сведена на сопствените должности на секоја институција поединечно, туку на сите заеднички кои би требало да се потрудат да изнајдат инситуционално поволно решение за одредениот случај.*

[1]Интервју со Марта Гусар, Адвокатка
[1] Интервју со Ангелина Станојоска, Вонредна професорка по криминологија

Дел од интервјуираните прашањето на превентивната функција на институциите ја гледаат во структурата и капацитетот на кадрите, притоа сметајќи дека токму обуките се еден од клучните елементи за соодветно постапување и оттука и за превенција.

Адвокатката Марта Гусар смета дека се *потреби посебни одделенија во МВР, посебно одделение во рамки на ОЈО за итно постапување по вакви предмети, дежурни служби кои ќе фукционираат и кои ќе бидат соодветно обучени.*

Според претставничката од Министерството за внатрешни работи потребна е *професионализација на кадрите кои работат и се во контакт со овие случаи, односно градење на база на професионалци специјализирани во оваа област, како и нивна континуирана и специјализирана задолжителна обука, соодветни услови за работа, материјално технички средства и ресурси.* Притоа, превентивната функција се однесува и на судските постапки и нивната ефективност, пришто Адвокатката Мила Будиноска смета *дека истите треба да се забрзаат, а казната која се заканува и предвидените мерки треба да се заострат бидејќи изречените казни и мерки најчесто се благи и/или институциите не се способни соодветно да ги спроведат.*

Покрај зајакнување на капацитетите на правниот систем за заштита, истрага, гонење и казнување на сторителите на фемициди, Ана Аврамоска Нушкова од Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, укажува на потребата *од развивање на систем за прибирање на податоци според пол, род, етничка припадност, место на живеење, мотив за убиство, околности во кои се случува кривичното дело, односот помеѓу жртвата и сторителот, поврзаноста помеѓу убиството и претходната изложеност на насилство, криминална историја на сторителот.* Во оваа насока, една од работите за кои се Мрежата се заложува е и воспоставување на Опсерваторија за следење на фемициди – Фемицид воч (Femicide Watch).

Подигнувањето на општествената свест за проблемот е значаен фактор за превенција според чинителите и *ќе придонесе за системско подобрување и за намалување на фемицидите. [54]*

Експертката Наде Качакова смета дека *треба да се работи на промена на ставовите, разбивање на стереотипите и предрасудите за улогата на жените односно мажите, инвестирање во континуитет во стручноста на службите кои ќе имаат капацитети за интегриран пристап и координирана соработка.*

Со цел да се зголеми свеста за пријавувањето, Адвокатката Мила Будиноска смета дека е потребно да се актуелизираат позитивни примери од праксата *со цел жените да се охрабрат и да знаат дека пријавувањето е прв чекор кон решавање на проблемот, а не дополнителен проблем кој најчесто после пријавата резултира со тешки или трагични последици по жртвата.*

52 Интервју со Марта Гусар, Адвокатка
53 Интервју со Ангелина Станојоска, Вонредна професорка по криминологија
54 Интервју со претставничка од Министерство за внатрешни работи

Воедно, Експертката Билјана Настовска укажува на значајната улога на женските граѓански организации во процесот на превенција и давање услуги, како клучен фактор во соодветното постапување на целокупниот систем. *На пример, центрите за упатување на жртви на сексуално насилство според мене не функционираат поради фактот што истите не се менаџирани од специајлизирани женски организации.*

Според повеќето интервјуирани постојната **законска регулатива во полето родово базирано насилство** генерално е соодветна, меѓутоа сите се согласни дека најголем проблем е нејзината примена во пракса, односно дека добрите закони не подразбираат и соодветна имплементација, а оттука и соодветна превенција.

*Напредок е постигнат со јакнење на правната рамка, меѓутоа солидната легислатива не гарантира потполна имплементација. [55]*

И покрај тоа што новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство стапи на сила во мај, 2021 година, според најголем дел од интервјуираните чинители, особено претставничките на граѓанските организации, по повеќе од една година сè уште не можеме да зборуваме за негова (соодветна) примена.

Преку работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права, Ина Џугуманова вели дека е *загрижувачки степенот на непознавање на новиот Закон, но многу повеќе и своевидниот отпор за негова примена, под изговор дека новите форми на насилство кои тој ги предвидува не се криминализирани, па оттука тие не можат да постапуваат, што укажува на непознавање на своите ингеренции.*

Несоодветната правна рамка во однос на фемицидите според Д-р Билјана Котевска произлегува од самиот факт што не е препознаено полното битие на делото, односно фактот дека истото произлегува од многу комплексен општествен проблем, односно дека *таа правна рамка е неспособна да го идентификува, врами, третира, санкционира и превенира делото.* Во овој контекст, Експертката Билјана Настовска вели дека *за да се превенира фамицидот потребно е системот да го препознае како посебно и квалификаторно кривично дело, во спротивно она што не е во систем останува незабележано и голем број на фемициди во системот се регистрираат како убиства и не се гледа врската помеѓу сторителот и жртвата.*

Меѓутоа, некои од претставниците на институциите сметаат дека е доволна постоечката законска одредба *и дава основа за гонење на случаи на фемициди.[56]* Според Јавниот обвинител Алесандар Маркоски фемицидот не треба да биде посебно кривично дело *бидејќи така ќе треба да има посебни дела и за инфантицидот или фратерницидот, со што би се дискриминирале останатите членови во потесното семејство кои би биле помалку заштитени од Кривичниот закон, а кои можат да бидат исто толку ранливи.*

[55 Интервју со Наде Качакова, Експертка за родово базирано насилство
56 Интервју со Раководителка на Сектор за меѓународна правна соработка при Министерство за правда

Но, Правната советничка Ина Џугуманова укажува дека со сегашното законско решение се предвидува само убиство при вршење на семејно насилство, *притоа обвинителството и понатаму потфрла при соодветна правна квалификација на некои од случаите на убиство на жени кои се убиени од страна на поранешни и сегашни партнери.*

Сепак најголем дел од чинителите изјавија дека се потребни измени на Кривичниот закон, пред сè во насока на препознавање на родово базираното насилство, односно родово базираното убиство.

Дел од експертите се на ставот дека најсоодветно решение би било инкриминирање на фемицидот како засебно кривично дело, *заради неговата родова заснованост која оди надвор од рамката на семејно насилство, иако најчесто се случува сторителот да е интимен партнер на жртвата, потребно е да се земат предвид мотивите и побудите на сторителот кои се родово засновани, за извршување на ова дело. [57]* Претставничката на Министерството за внатрешни работи смета дека воведувањето на фемицидот како посебно дело ќе се придонесе за подигнување на свеста за заштитата на жената воопшто.

Дополнително, според некои чинители, она што е особено значајно покрај препознавањето на фемицидот како посебно кривично дело, е тоа да биде соодветно прецизирано со сите елементи и обработено на начин кој не би довел до ниту една забуна при неговата квалификација. [58]

И покрај тоа што повеќето од интервјуираните чинители, вклучително и дел од институциите, се на ставот дека предвидувањето на фемицидот како посебно кривично дело ќе придонесе за негово соодветно препознавање, санкционирање, а особено превенција, сепак дел од нив исто така сметаат дека во македонскиот контекст веројатно поприфатливо би била опцијата за воведување на фемицидот како квалификуван облик на основното кривично дело, со јасно дефинирање на терминот фемицид, како родово базирано убиство.

Токму според Професорката Ангелина Станојоска *фемицидот би требало да биде квалификуван облик на кривичното дело „Убиство“ од членот 123 од Кривичниот закон, односно да стане дел од потешките облици таксативно наведени и објаснети и наведени од ставот 2 па надолу во тој член. На ваков начин законодавецот би укажал на потребата од посебна заштита на животот на жените и тоа не само во случаи на семејно насилство (кои се опфатени со чл.123, ст.2), туку и во останати случаи на родово засновано насилство.*

Предностите за регулирање на фемицидот како отежнителна околност Д-р Билјана Котевска ги гледа во праксата, пришто смета дека на овој начин *ќе му се даде поголема шанса на делото да заживее во нашиот правен систем кој, како и секој систем, е многу ригиден и отпорен на промени. Правните практичари ќе може да црпат од практиката за постојни кривични дела, нема да ја заобиколуваат одредбата и да „бегаат“ од неа затоа што нема да знаат што значи или затоа што ќе им биде нова.*

57 Интервју со Наде Качакова, Експертка за родово базирано насилство
58 Интервју со Марта Гусар, Адвокатка

Во предлозите за правно регулирање на фемицидот даден од страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, *стои дека додавањето на поимот родово базирано насилство врз жените кај квалифицираниот облик на основното кривично дело Убиство во став 2 точка 2 не е доволно за соодветно квалификување и препознавање на делото фемицид, односно убиство на жена, па оттаму предлогот е дополнување, односно специфицирање на потешкиот облик на убиство со додавање на нов став.[59]*

Дел од интервјуираните укажуваат и на значајноста на санкцијата пропишана за делото, притоа Адвокатката Мила Будиноска смета дека не прави многу голема разлика дали фемицидот ќе биде предвиден како посебно кривично дело или квалифициран облик на основното дело, се додека се претпоставува дека за ваквото дело ќе биде предвидена висока казна.

*Со цел да се потенцира важноста на ваквите видови на кривични дела задолжително е ова кривично дело да се регулира како посебно со висока казна, што би значело и создавање на нула толеранција кон ваквите појави, притоа, судиите и обвинителите секогаш би имале прилика да покрај ова кривично дело да вклучуваат и други елементи/кривични дела кои би ја зајакнале казната кон сторителот.[60]*

[59 Интервју со Ана Аврамоска Нушкова, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство

60 Интервју со Билјана Настовска, Советничка за родови прашања

# Студии на случај

**Студија на случај 1 – Еден ден ќе ја убијам**

Во август годинава во медиумите беше објавен случај на убиство на 46-годишна жена од Неготино. Настанот се случил на 2 август, околку 01:30 часот, во станот во кој престојувала жртвата речиси четири месеци заедно со нејзината 22 годишна ќерка, откако се разделиле со сторителот, со кого живеела во вонбрачна заедница. Причина за разделбата била семејното насилство кое било вршено од страна на сторителот врз жртвата и нејзината ќерка. Во меѓувреме, сторителот ја дознал локацијата каде престојува жртвата и на денот кога се случило убиството отишол во станот. Согласно неговиот исказ даден пред Јавниот обвинител, веднаш штом жртвата ја отворила вратата започнала вербална расправија. Согласно пронајдените траги од крв, физичкиот напад започнал во претсобјето и продолжил во дневниот престој, кујната, а завршил во бањата.

Во итната помош, настанот го пријавил сторителот. Настанот бил пријавен во полиција од страна на дежурниот лекар од Итната медицинска помош во Неготино, по што насилникот бил лишен од слобода во 03.35 минути од страна на полициски службеници од Полициската станица во Неготино. Во раните утрински часови на 2 август жртвата била донесена во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје. Според изјавите на раководителката на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување, жртвата кај нив била донесена во кома, со многу тешки повреди на мозокот и черепот и веднаш била оперирана. [61]

Од фотографиите направени од страна на Одделот за криминалистичка техника при МВР било утврдено дека на сторителот му биле отечени рацете од ударите кои и ги задал на жртвата, а целиот стан бил со траги од крв од жртвата. По извршувањето на делото сторителот се обидел да ги избрише трагите од крв, што било воочено од направените фотографии, на кои се гледала размачкана и бришена крв по рамките од вратите и подот пред кујната.

Согласно изготвените вештачења за пронајдената крв и папиларните линии, било утврдено дека жртвата била подолг временски период удирана со тупаници по целото тело, а најмногу по главата. Исто така, била удирана со тврд предмет (порцелански украс) по главата, за на крај со голема сила да биде удрена од туш кабината чија стаклена врата била скршена. Од страна на судска медицина кај жртвата биле констатирани следните повреди:

По главата и телото присутни крвни подливи, нагмечно - расцепни рани, скршеници на носни коски и избиеност на два предни заба од горната вилица, крварења под тврдата мозочна обвивка, крварење под меките мозочни обвивки, едематозен и изразито размекнет голем мозок со присуство на дифузни крварења низ белата мозочна маса и базалните јадра, крварење во мозочните комори и знаци за инкарцерација на мозочното стебло со присутни лентовидни крварења во мозочниот мост, многубројни крвни подливи по целото тело и особено во пределот на рацете. Крварењето во черепната празнина довело до нарушување и престанок на функцијата на витално важните мозочни центри поради што кај XX настапи СМРТЕН ИСХОД.

[161 Достапно на: https://fokus.mk/pochina-zhenata-od-negotino-koja-beshe-krvnichki-pretepana-od-partnerot/

Меѓутоа, вештачењата покажале и дека обвинетиот го сторил делото во состојба на битно намалена пресметливост, пред сè поради присуството на 1,94 промили алкохол во крвта, поради што надлежниот јавен обвинител му предложил на судот, освен изречената кривична санкција, да определи и дополнителна мерка за безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. [62] На 27 октомври 2022 година Основното јавно обвинителство (ОЈО) Кавадарци до надлежниот суд поднесе обвинителен акт со предлог за продолжување на мерката притвор и предлог за определување мерка за безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа на лице кое е обвинето дека сторило кривично дело Тешка телесна повреда од член 131 став 4 во врска со тав 2 и став 1, како и во врска со член 63 од Кривичниот закон.

Полномошниците на оштетените, [63] во случајот на ќерката, синот и родителите на жртвата, сметаат дека во случајот е направена погрешна квалификација на делото, што е резултат на направени големи пропусти од страна на ОЈО Кавадарци во истражната постапка. И покрај тоа што согласно Законот за кривична постапка Јавниот обвинител (ЈО) има право и обврска да пронаоѓа, предлага и обезбедува докази од кои пред сè ќе може без сомнение да утврди - елементите на кое кривично дело се содржани во дејствијата преземени од страна на обвинетиот, во конкретниот случај од страна на ЈО не е покажан никаков интерес.

Според изјавите на службените лица од Секторот за внатрешни работи во Велес сторителот никогаш во минатото не бил пријавуван во полиција за закани или пак физичко насилство, како од страна на жртвата, така и од поранешни партнерки. [64] Меѓутоа, полномошниците на оштетените сметаат дека е вложен минимален труд во поглед на обезбедување докази од кои може да се утврди намерата за преземање на такви дејствија од обвинетиот.

Па така, ЈО не истражил какво поведение имал сторителот пред да го изврши делото. Воопшто не биле сослушани сведоците кои први дошле на местото на настанот, сведоци кои ја познаваат личноста на сторителот и на жртвата и нивните односи во текот на траењето на вонбрачната заедница но и после тоа, лица кои биле со сторителот непосредно пред настанот, што доколку било направено ќе се увидело дека обвинетиот манифестирал висок степен на љубомора спрема жртвата, како и дека на блиски луѓе на жртвата и јавно во градската кафеана во која одел, континуирано во текот на една недела пред настанот кажувал: еден ден ќе ја убијам. авниот обвинител освен сослушување на обвинетиот и издавање на наредба за вештачење за потеклото на крвта и отпечатоците нема преземено ниту едно друго дејствие, односно не обезбедил докази од кои ќе може да се утврди каква била намерата на обвинетиот, како елемент кој е одредница во поглед на квалификацијата на делото. Во однос на намерата дали сакал да ја убие или само истепа жртвата, обвнителот го зел предвид само исказот на обвинетиот кој изјавил дека само сакал да ја истепа. Дополнително, фактот што сторителот бил во алкохолизирана состојба не го ослободува од одговорност, односно согласно Кривичниот закон, кривично одговорен е сторителот на кривично дело кој самиот се довел во таква состојба, а делото било опфатено со неговата умисла, што е уште еден пропуст на обвинителот.

62 Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/obvinet-nasilnikot-od-negotino-koj-pijan-do-smrt-ja-pretepa-nevenchanata-sopruga/
63 Податоци добиени од директна комуникација со полномошниците на оштетените кои ги застапуваат во судската постапка
64 Достапно на: https://fokus.mk/pochina-zhenata-od-negotino-koja-beshe-krvnichki-pretepana-od-partnerot/

Казнената политика во областа на родово базирано насилство е од особена важност за превенција на фемицидите. Според досегашното постапување на судовите за најлесните кривични дела од областа на семејното насилство тие применуваат генерално ниска казнена политика, која е значаен инхибирачки фактор кај жртвите на семејното насилство во поглед на пријавувањето на овие кривични дела до надлежните органи. [65]

Со неказнување и несоодветно казнување на фемицидите, но и на сите форми на родово базирано насилство, не само што воопшто не се постигнува никаква превентивна функција за спречување и намалување на овој вид на однесување, туку и дополнително влијае на зголемување на недовербата во институциите, наместо да ја зајакне нивната заштитна улога.

**Студија на случај 2 – Семејна драма со грозоморен крај**

Семејна драма со грозоморен крај беше еден од многуте сензационалистички наслови во медиумските објави за убиството на 60-годишна жена од страна на нејзиниот сопруг во нивниот заеднички дом во Гостивар. Убиството се случи на 10 септември 2020 година. Првичните информации кои беа споделени од страна медиумите за случајот укажуваа на постоењето сомнеж дека една од причините за фемицидот е непостапувањето на полицијата по добиената пријава за насилство еден ден пред да се случи убиството.[66] Според податоците на граѓанските организации кои работат во оваа областа, овој случај беше еден од четирите регистрирани фемициди во 2020 година. [67]

Лицето кое го пријавило насилството бил синот на жртвата, кој откако дознал за семејното физичко насилство врз мајка му сторено од страна на неговиот татко, вечерта во 21:30 часот го пријавил случајот кај полицискиот службеник на влезот во дежурната служба на Полициската станица од општа надлежност Гостивар. Полицискиот службеник му побарал телефонски број на синот, му дал насока да биде во близина на куќата на неговите родители и да чека телефонски повик од него. Наведената причина за непостапувањето на полицијата и покрај итноста на случајот била поради тоа што сите служби на Полициската станица Гостивар биле ангажирани за претрес во селото Здуње. Вечерта синот разговарал телефонски со полицискиот службеник, кој поради тоа што било многу доцна му сугерирал следниот ден заедно со мајка му да го пријават таткото за семејното насилство.

Според информацијата на Секторот за внатрешни работи (СВР) во Тетово, следното утро околу 06:40 часот синот на жртвата во Полициската станица Гостивар пријавил дека на креветот во спалната соба ја пронашол неговата мајка без знаци на живот и со повреди по телото. По пријавата, екипа од полициски службеници и дежурен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство во Гостивар извршиле увид, во координација со екипа на крим техника од МВР. [68]

Д65 Мисоски, Б., Аврамовски, Д. и Петровска, Н. (2019). Анализа на податоците од набљудуваните судските постапки за предмети од семејно насилство во 2019 година. Коалиција Сите за правично судење. Достапно на: https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/19444/1/443515.pdf
66 Достапно на: https://sitel.com.mk/ubistvo-vo-gostivar-so-sekira-ja-zaklal-soprugata-i-pobegnal?fbclid=IwAR1YVN5DFGPVPWAhj7GMAPcuKyp1PWq__T-XW1f6VmQQDEpBAM_RZEVrd44
67 Платформа за родова еднаквост. (2020). Реакција: Ненавремената реакција на полицијата може да резултира во фемицид. Достапно на: https://rodovaplatforma.mk/blog/2020/09/11//

68 Достапно на: https://republika.mk/vesti/crna-hronika/sosedite-voznemireni-eve-kako-gi-opishaa-zrtvata-i-soprugot-ubiec-od-gostivar/

На 10 септември Хелсиншкиот комитет за човекови права поднел претставка до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди на МВР за овој случај, со цел да се испита постапувањето на полициските службеници во конкретниот случај, да се утврди одговорност кај службениците кои пропуштиле да преземат навремени дејствија и соодветно да бидат санкционирани доколку е тоа потребно. Одговорот на претставката бил добиен веќе следниот месец, со кој организацијата била известена дека од страна на Одделот за внатрешната контрола на МВР биле извршени непосредни и објективни проверки, биле собрани потребни известувања и бил извршен увид во целокупната документација поврзана со случајот, притоа било констатирано дека наодите во претставката се основани.

Во одговорот од Одделот за внатрешна контрола е наведено дека:

Поради тоа што полицискиот службеник од Полициска станица од општа надлежност Гостивар сторил потешко кршење на работниот ред и дисциплина предвидено во член 187 став 1 точка 3, 4 и 10 од Законот за внатрешни работи и член 208 став 1 точка 3,4 и 10 од Колективниот договор на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до СВР Тетово, против истиот поднесе иницијатива за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, а исто така до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, поднесено е Известување со број XX за нивно запознавање и постапување.

И покрај тоа што ова е еден од ретките случаи на брза реакција од страна на Министерството за внатрешни работи за испитување на постапувањето на полициските службеници, по иницијатива на трета страна, ова не е прв случај во кој и покрај постоењето на сознанија и пријави за насилство, институциите не реагирале навремено. Овој случај само ја потврдува најчестата причина поради која физичкото насилство резултира во убиство, а тоа е несериозниот пристап на институциите кон родово базираното насилство. Непостапувањето и несоодветното постапување од страна на надлежните институции, особено полицијата, по пријавите на родово базирано и семејно насилство значително ја намалува довербата на жртвите во надлежните институции.

# Заклучоци и препораки

Недостатокот на политичка волја е најголемиот проблем за адресирање на фемицидите, изјави Рим Алсалем, Специјалната репортерка на Обединетите Нации за насилство врз жени, на последниот Регионален форум за спречување на насилство врз жени во Западен Балкан и Турција, [69] овој ноември. Токму политичката волја за отворање на дискусијата, а уште помалку за адресирање на проблемот, во голема мера недостасува и во Северна Македонија. За ова говори и самиот факт што сè уште не постои универзализирана дефиниција на фемицидот, но и официјални дефиниции на национално ниво. Фемицидот не е дефиниран во македонското законодавство, што укажува на негово непрепознавање како најтежок облик на родово базирано насилство.

И покрај донесувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во јануари 2021 година, кој стапи во сила во мај 2021 година, и кој во голема мера е во согласност со Истанбулската конвенција, измените на Кривичниот закон сè уште не се донесени. Со одложување на донесувањето на измените на Кривичниот закон, кои треба да бидат во насока на негово усогласување со Истанбулската конвенција и Законот, новите форми на насилство предвидени со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се уште не се криминализирани, а оттука и родово базираните убиства. **Во оваа насока, потребно е итно донесување на измените на Кривичниот закон, во насока на негово усогласување со Истанбулската конвенција и со Законот, како и доуредување на политиките, преку усвојување на потребните подзаконски акти.** Меѓутоа, главен предизвик, како и до сега, ќе остане имплементацијата на законската регулатива во оваа област.

И покрај тоа што предвидувањето на фемицидот како посебно кривично дело би придонело за негово соодветно препознавање, санкционирање, а особено превенција, сепак, имајќи го предвид македонскиот контекст, преовладува ставот дека преку дополнување на отежнителните околности при квалификација на основното кривично **дело Убиство од членот 123 од Кривичниот закон, ова дело полесно ќе се процесира, со цел соодветно да бидат казнети сторителите на овие дела. Притоа, предвидувањето на фемицидот како квалификуван облик на основното кривично дело, мора да биде проследено со јасно и прецизно дефинирање на фемицидот како родово базирано убиство на жена.** На овој начин законодавецот би укажал на потребата од посебна заштита на животот на жените, и тоа не само во случаи на семејно насилство, туку и во останатите случаи на родово базирано насилство.

Казнената политика во областа на родово базираното и семејно насилство, која е од особена важност и за превенција на фемицидите, е генерално блага и досегашното постапување на судовите за најлесните кривични дела од областа на семејното насилство укажува дека тие применуваат ниска казнена политика, која дополнително влијае на зголемување на недовербата во институциите. Со неказнување и несоодветно казнување на фемицидите, но и на сите форми на родово базирано насилство, не само што воопшто не се постигнува никаква превентивна функција за спречување и намалување на овој вид на однесување, туку и дополнително влијае на зголемување на недовербата во институциите, наместо да ја зајакне нивната заштитна улога. **Од особена важност е предвидување и изрекување на високи казни за овие дела, со што би укажало на постоење на нула толеранција кон овие појави.**

69 Fourth Regional Forum on Ending Violence against Women in the Western Balkans and Türkiye, 29-30 November, 2022. Достапно на: https://app.socio.events/MjAzMzM/Overview/271864

Тоа што фемицидот не е препознаен во македонското кривично законодавство повлекува и низа дополнителни предизвици, особено во однос на прибирањето на статистички податоци за овој вид на насилство. Со оглед на тоа дека немаме официјална статистика за бројот на фемициди во земјава, како и дека податоците од досегашните анализи се изработени врз основа на ограничен број податоци за случаи кои биле достапни од страна на институциите, како и дека не сите фемициди се покриени со медиумски објави, постои голема веројатност дека бројот на фемициди е многу поголем.

И покрај тоа што Истанбулската конвенција ги задолжува државите потписнички да прибираат податоци за сите форми на родово базирано насилство, сепак оваа обврска не наидува на примена од страна на институциите. Во моментов, единствено кривично дело кое е препознаено и за кое се води статистика од страна на Министерството за внатрешни работи е убиство при вршење на семејно насилство, со што не се земаат предвид останатите форми на родово базирано насилство. Затоа потребно е системот да го препознае фемицидот како посебно или квалификаторно кривично дело, со цел овие видови убиства да бидат системски евидентирани, па така голем број на фемициди во системот се регистрираат како убиства и не постои можност да се увиди врската помеѓу сторителот и жртвата. Податоците за феноменологијата и распространетоста на фемицидите се неопходни за креирање на соодветни закони и политики кои ќе ја регулираат оваа појава, како и за да се овозможи компаративна анализа на овој феномен.

Притоа, потребно е податоците да бидат поделени според пол, род, етничка припадност, место на живеење, мотив за убиството, односот помеѓу жртвата и сторителот, историја на насилство, итн. Во оваа насока, еден од предлозите на чинителите е и воспоставувањето на Опсерваторија за следење на фемициди – Фемицид воч (Femicide Watch). Дополнително, потребно е институциите кои се надлежни за прибирање на податоци во оваа област, особено Министерството за внатрешни работи, меѓутоа и Државниот завод за статистика, да ги направат јавно достапни овие податоци.

Во Северна Македонија има значително мал број на истражувања и анализи кои се занимаваат со оваа проблематика, односно конкретно со фемицидите како најтешка форма на родово базирано насилство, меѓутоа и препораките кои се дадени до сега се далеку од тоа да бидат применети. Имајќи предвид дека граѓанските организации се и единствениот референтен извор на податоци за овој вид на родово базирано насилство, потребно е да се препознае нивната експертиза во оваа област и да се зајакне нивната улога како партнери на институциите кои се надлежни за оваа област.

Постои сериозен недостаток на соодветно институционално постапување во насока на превенција на сите форми на родово базирано насилство. Институциите кои се надлежни да постапуваат во случаите на родово базирано насилство имаат недоволни капацитети, но и знаења за препознавање на сите форми на насилство, за соодветна проценка на ризикот, како и за постапување по истите. Голем дел од институциите, вклучително полицијата, центрите за социјална работа, јавното обвинителство и судството, не ги препознаваат формите на родово базирано насилство, што се рефлектира и на нивното понатамошно постапување во овие случаи. Дополнително, постои ризик од несоодветна квалификација на кривичното дело во случаите на родово базирано насилство, како од страна на полицијата, така и од страна на јавното обвинителство.

**Сите надлежни институции потребно е да спроведат и воспостават задолжителна континуирана обука на кадрите кои работат со случаи на родово базирано и семејно насилство, која ќе вклучува темелно запознавање со сите (нови) законски одредби во оваа област, како и за извршување на работите од својата надлежност и постапување со должно внимание**. Притоа, **потребно е да се пристапи кон специјализација на овие кадри за сензитивноста на проблематиката и овозможување на одржливост на знаењето преку сведување на минимум на промените на работните позиции во оваа област.** На овој начин ќе се придонесе за зголемување на довербата во институциите и зголемување на бројот на пријави на родово базирано и семејно насилство, со што ќе се превенира нивно можно ескалирање во убиства. **Воедно, непостапувањето и несоодветното постапување од страна на службените лица од надлежните институции во случаите на родово базирано и семејно насилство треба да биде соодветно мониторирано и санкционирано од страна на самите институции.**

И самите институции укажуваат на нефункционалноста на меѓуинституционалната соработка, која оневозможува соодветно и навремено постапување и процесирање на случаите на родово базирано и семејно насилство. **Од ова произлегува потребата за унапредување на мултисекторската соработка и комуникација и нејзино уредување со јасни протоколи за сите чекори од процесот и обврските на секоја од надлежните институции.**

**Меѓутоа свеста за сериозноста на проблемот, како и препознавање на родово базираното насилство, вклучително и фемицидите, е многу низок и кај општата популација. Оттука, треба континуирано да се работи на подигнување на јавната свест за значајноста и размерите на проблемот, како и на соодветно информирање на сите граѓани за начините и механизмите за превенција и заштита. Притоа, активностите за подигнување на свеста потребно е да се одвиваат во континуитет и соодветно да таргетираат различни групи на граѓани и да опфатат различни медиуми на комуникација.**

Во намерите за сензационализирање на објавите, медиумите континуирано демонстрираат несензибилизираност во известувањето за фемицидите, а со тоа и за неразбирање на самиот проблем, со што пропуштаат да укажат на сериозноста на овие убиства како родово базирани, притоа единствено придонесувајќи за продлабочување на родовите стереотипи, наместо да делуваат превентивно на елиминирање на насилството. ***Затоа, треба да се продолжи со активности за подигнување на свеста и на самите новинари/ки, како и за нивно континуирано обучување во насока на родово сензитивно известување, со особен фокус на родово базираните убиства, која е очигледно една од темите која е подложна на сензационализирање од нивна страна.***

# Библиографија


- Димушевска, Е. (2018). Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“ и УНДП. Достапно на: http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf

- Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство. Службен весник на РСМ бр. 24/2021.

- Јовановска, Б. (2022). Кога непостапувањето е убиство. Рес публика. Достапно на: https://respublica.edu.mk/

- Јовановска, Б. (2019). Трчаш како девојче: Дисциплина на гладот. Достапно на: https://meduza.mk/fem-101/trchash-kako-devo%D1%98che-distsiplina-na-gladot/

- Кривичен законик. Службен весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18.

- Мисоски, Б., Аврамовски, Д. и Петровска, Н. (2019). Анализа на податоците од набљудуваните судските постапки за предмети од семејно насилство во 2019 година. Коалиција Сите за правично судење. Достапно на: https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/19444/1/443515.pdf

- Насева, Г. (2021). Родово базирано насилство: Кривично дело кое останува толерирано. ФООМ и Коалиција Сите за правично судење. Достапно на: https://fosm.mk/rodovo-bazirano-nasilstvo-krivichno-delo-koe-ostanuva-tolerirano/

- Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“. (2021) Анализа на случаи на фемициди 2017-2020 година. УНДП. Достапно на: https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Femicid_14_MK.pdf

- ОБСЕ. (2019). Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија: Благосостојбата и безбедноста на жените. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/4/424409_0.pdf

- Платформа за родова еднаквост. (2020). Реакција: Ненавремената реакција на полицијата може да резултира во фемицид. Достапно на: https://rodovaplatforma.mk/blog/2020/09/11/

- Ристеска, М. и Цеков, А. (2019). Анализа на потребите од усогласување на Кривичниот законик со Истанбулската конвенција во Република Северна Македонија. Центар за истражување и креирање политики и Македонско женско лоби.

- Стратегија за родова еднаквост 2022-2027. Службен весник на РСМ бр. 170/2022.

- Хелсиншки комитет за човекови права Скопје. (2022). Документ за јавни политики -Кој (не) може да пријави насилство? Достапно на: https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/koj-nemozhe-da-prijavi-nasilstvo-dokument-za-javni-politiki/

- Центар за истражување и креирање политики. (2020). Ковид 19 и родот (второ издание). Достапно на: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/2.0-Covid-19

- Beker, K. Femicid kao posebno krivično delo.

- CEDAW. (2017). General recommendation No. 35 on gender-based violence against women, updating general recommendation No. 19. Достапно на: https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N17/231/54/PDF/N1723154.pdf?OpenElement

-Durinova, P. (2021). Gendered socio-economic impacts of COVID-19 on women. National Democratic Institute.

-EIGE. (2021). EIGE's indicators on intimate partner violence, rape and femicide: EU state of play. Достапно на: https://eige.europa.eu/publications/eiges-indicators-intimate-partner-violence-rape-and-femicide-eu-state-play

-European Commission. (2022). North Macedonia 2022 Report. Достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

-Fourth Regional Forum on Ending Violence against Women in the Western Balkans and Türkiye, 29-30 November, 2022. Достапно на: https://app.socio.events/MjAzMzM/Overview/271864

-Filip, A. (2017). WAVE Thematic Paper. Preventing and Eradicating Femicide. WAVE. -Достапно на: http://fileserver.wave-network.org/researchreports/Thematic_Paper_Femicide_15Febr2017.pdf

-Gayet, A.(2022). Belgium to legislate against femicide. EURACTIV. Достапно на: https://www.euractiv.com/section/all/short_news/belgium-to-legislate-against-femicide/?fbclid=IwAR1t3xs8fAeA-x_vFgdjTn7kRb1FEDZc1aJ2X4eFddsAF3wJChnw2vozZVk

-Konstantinović Vilić, S. and Petrušić, N. (2021). Pokusaj femicida I femicid u Srbiji: sprecavanje i procesurianje. Udruženje građanki FemPlatz. Достапно на http://femplatz.org/library/publications/2021-04_Femicid_-

_Pokusaj_femicida_i_femicid_u_Srbiji.pdf

-Manjoo, R. (2012). Report of the Special Rapporteur on violence against women, its causes and consequences. UN General Assembly. Достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/HRBodies/HRCouncil/RegularSession/Session20/A-HRC-20-16-Add4_en.pdf

-Radford, J. and Russel, D. (Eds.) (1992). Femicide: The Politics of Woman Killing. Twayne Publishers
.
-Russel, D. (2012). Defining femicide. Introduction speech presented to the United Nations Symposium on Femicide. Достапно на: https://www.femicideincanada.ca/sites/default/files/2017-12/RUSSELL%20%282012%29%20DEFINING%20FEMICIDE.pdf

-UNODC. (2021). Killings of women and girls by their intimate partner or other family members – Global estimates 2020. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/crime/UN_BriefFem_251121.pdf

-UNODC. (2019). Global study on homicide: Gender-related killing of women and girls. Достапно на: https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/gsh/Booklet_5.pdf

-UN General Assembly. (2013) Resolution A/RES/68/191. Taking action against gender-related killing of women and girls.

-UN. (2012). Vienna Declaration on Femicide. Vienna Symposium on Femicide.

-WHO. (2012). Understanding and addressing violence against women. Достапно на: https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/77421/WHO_RHR_12.38_eng.pdf

# Медиумски објави

- Фокус. Достапно на: https://fokus.mk/pochina-zhenata-od-negotino-koja-beshe-krvnichki-pretepana-od-partnerot/

- Слободен печат. Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/obvinet-nasilnikot-od-negotino-koj-pijan-do-smrt-ja-pretepa-nevenchanata-sopruga/

- Сител. Достапно на: https://sitel.com.mk/ubistvo-vo-gostivar-so-sekira-ja-zaklal-sprugata-i-pobegnal?fbclid=IwAR1YVN5DFGPVPWAhj7GMAPcuKyp1PWq__T-XW1f6VmQQDEpBAM_RZEVrd44

- Република. Достапно на: https://republika.mk/vesti/crna-hronika/sosedite-voznemireni-eve-kako-gi-opishaa-zrtvata-i-soprugot-ubiec-od-gostivar/